**ГРАД СКОПЈЕ**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 05/02) и член 7 од Одлуката за формирање на тело „Скопје ЕПК 2028" ("Службен гласник на Град Скопје"12/24), Градоначалникот на Град Скопје донесе

# ПРАВИЛНИК
## за избор на независни стручни лица - членови на телото "Скопје ЕПК 2028"

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат начинот, условите и постапката за избор на 10 (десет) независни стручни лица - членови на телото "Скопје ЕПК 2028 " (во понатамошниот текст: стручни лица).

Мандатот на членовите на телото "Скопје ЕПК 2028" трае до 31.12.2028 година.

## II.НАЧИН НА ИЗБОР

### 1. Јавен повик

**Член 2**

(1) Постапката за избор на стручните лица ќе се спроведе преку јавен повик објавен од страна на Град Скопје.
(2) Во јавниот повик се утврдува бројот на стручните лица кои се избираат, областа за која се избираат, условите кои треба да ги исполнуваат кандидатите за избор, начинот на поднесување на пријавата, потребната документација и времетраењето на јавниот повик.

### 2. Право на учество на јавниот повик

**Член 3**

Право на учество на јавниот повик имаат физички лица жители на град Скопје, кои ги исполнуваат условите определени со овој правилник и јавниот повик.

### 3. Начин на објавување на јавниот повик

**Член 4**

(1) Јавниот повик се објавува на веб-страната на Град Скопје (www.skopje.gov.mk)
(2) Јавниот повик содржи особено:
1. назив на органот што го распишува;
2. областа за која се избираат стручните лица;

3. услови и начин на пријавување;
4. рок за поднесување на пријавите;
5. начин и постапка за одлучување;
6. надоместок на стручните лица кој ќе се уреди со решението за избор во рамки на средствата за тутулата одобрени за таа намена.
(3) Јавниот повик ќе трае 8 денови сметано од денот на неговото објавување.

## III. УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР

### 1. Комисија за избор

**Член 5**

(1) Градоначалникот на Град Скопје од редот на вработените во администрацијата на Град Скопје формира Комисија за спроведување на постапката за избор на стручни лица – членови на телото "Скопје ЕПК 2028" (во понатамошниот текст: Комисија).
(2) Комисијата се состои од претседател и четири члена.
(3) Комисијата од ставот 1 на овој член има задача:
- да ја спроведе постапката по јавниот повик;
- да го утврди исполнувањето на условите утврдени со овој правилник и јавниот повик и
- да достави предлог до Градоначалник за избор на стручни лица - членови на телото "Скопје ЕПК 2028".

(4) Градоначалникот во рок од 15 дена од денот на доставувањето на предлогот од ставот 3 на овој член, носи решение за избор на членови на телото "Скопје ЕПК 2028".

### 2. Начин и место на поднесување на пријавата

**Член 6**

(1) По објавениот јавен повик, кандидатите преку Архивата на Град Скопје во затворен плик поднесуваат Пријава, пополнета електронски на образец за пријавување на јавниот повик, со потребната документација.
(2) Пријавата со потребната документација кандидатите ја поднесуваат до Комисијата со назнака: Сектор за јавни дејности - Комисија за спроведување на постапката за избор на стручни лица – членови на телото "Скопје ЕПК 2028".
(3) Архивата на Град Скопје доставените пријави ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута).

### 3. Услови за учество на кандидатите

**Член 7**

Кандидатите кои учествуваат на Јавниот повик треба да поседуваат искуство во една или повеќе од следниве области:

- Изведбени уметности
- Музички уметности
- Визуелни уметности и уметност на новите медиуми
- Издавачка и библиотечна дејност
- Музејска дејност и промоција на културното наследство
- Креативни индустрии
- Применета уметност
- Општествени науки

1. **Изведбени уметности:**
- негување и презентација на националното драмско и музичко-сценско творештво од различни уметнички стилови и жанрови со застапеност на традиционални и современи автори;
- презентација на врвни уметнички дела од светската драматургија во Скопје како и дела од областа на музичко-сценските уметности;
- работилници со млади како и со лица со посебни потреби од областа на драмските и музичко-сценските уметности;
- учество на театарски фестивали;
- презентирање на македонскиот фолклор и фолклорот на припадниците на заедниците кои живеат во градот Скопје;
- презентирање на македонскиот фолклор и фолклорот на припадниците на заедниците кои живеат во градот Скопје на фестивали и манифестации што се оддржуваат во градови од други држави.

2. **Музички уметности:**
- промоција и изведба на музички дела и творештво со стилска и жанровска разновидност;
- поттикнување и изведба на нови музички форми и изрази;
- учество на музички фестивали;
- стимулирање на македонското музичко творештво и музичкото творештво на заедниците кои живет во град Скопје со висока уметничка вредност;
- изведба на концерти на млади музичари – изведувачи и композитори;
- изведба на концерти на отворени јавни простори и градски паркови.

3. **Визуелни уметности и уметност на новите медиуми:**
- ретроспективно-монографски изложби од особено значење за градот Скопје што одразуваат континуитет во уметничкото дејствување во Скопје потврдени од ликовната критика;
- самостојни, групни и други проекти од земјава и од странство што ги промовираат современите уметнички форми и изрази и придонесуваат за развој на современиот ликовен јазик во градот Скопје;
- промоција и развој на современата урбана уметност со акцент на користење на јавните градски површини како и други алтернативни простори за презентација на уметничките дела во градот Скопје;
- учество на филмски фестивали;
- изложбени проекти од областа на креативните индустрии;
- изложби и проекти на млади уметници областа на визуелните уметности и уметноста на новите медиуми.

4. **Издавачката и библиотечната дејност:**
- издавање на книги и електронски изданија, публикации, монографии, зборници што обработуваат теми од современиот живот и историјата на Скопје;
- поддршка на книжевно творештво со високи вредности од автори кои творат на македонски јазик и на јазиците на заедниците во градот Скопје;
- дела со исклучителна културна вредност, монографии, стручни публикации, како и дела што се резултат на истражувачи проекти за градот Скопје;
- издаваштво наменето за деца и млади.

5. **Музејска дејност и промоција на културното наследство:**
- презентација, популаризација и промоција на културното и историско наследство во градот Скопје;
- користење на културното наследство како ресурс за развој на туризмот;
- организирање на кампањи, работилници и предавања за промоција и значењето на културното наследство на подрачјето на град Скопје.

6. **Креативни индустрии :**
- поддршка и иницирање на нови активности за развој и поттикнување на креативните индустрии, организирање на фестивали за креативни индустрии;
- создавање услови за работата во областите на креативните сектори (ИТ, нови медиуми, видео-филм и анимација, современ продукт-дизајн, индустриски, моден, мебел-дизајн и друго);
- промоција на вредности, производи и услуги од областа на креативните индустрии како што се: дизајн (индустриски, графички, моден дизајн), мебел дизајн и архитектура, аудио-визуелени уметности, нови медиуми, ИТ технологии, изведбени уметности и други;
- поттикнување на претприемачките и бизнис вештини кај младите, уметниците, дизајнерите и поединците/групите во рамките на креативните сектори;
- активности со продажен потенцијал (вклучувајќи и поп ап продавници);
- стимулација, реализација, презентација и развој на креативните потенцијали кај децата и младите, за остварување на креативни проекти.

7. **Применета уметност**
- самостојни, групни или други пректи од земјава и од странство во делот на атхитектурата, внатрешното уредување и фотографијата;
- творештво во дизајнирање на облека и други модни додатоци;
- изработка на украсно-функционални предмети во керамика, дрво, стакло, метал или текстил и
- презентација на вредности, производи и услуги од областа на креативните индустрии како што се: дизајн (индустриски, графички, моден дизајн), мебел дизајн и архитектура, аудио-визуелени уметности, нови медиуми, ИТ технологии, изведбени уметности и други.

8. **Општествени науки**
- познавање на општествените науки особено од областа на правото, економијата, финансиите и/или менаџментот со што ќе се придонесе за правна и финансиска издржаност на актите, проектите ни активностите на телото во рамки на проектот “Скопје ЕПК 2028“
- портфолио кое ќе содржи податоци за искуство и познавања од областа со кои членот ќе учествува со цел допринос во независното тело за успешна реализација на проектот “Скопје ЕПК 2028“
- предлог проектни активности со чија реализација ќе се допринесе за поголема видливост, популаризација и успешност на проектот “Скопје ЕПК 2028“

**Член 8**

(1) Кандидатите кои учествуваат на јавниот повик, како доказ за исполнување на условите за избор на стручни лица, потребно е да ја достават следнава документација:
- пополнета пријава (пријавата е објавена на веб-страната на Град Скопје: www.skopje.gov.mk);
- доказ за лична идентификација, валидна лична карта или патна исправа

- уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен образование
- биографија на кандидатот
- писмо за изразување на интерес
- портфолио со предлог идеи и проекти со кои кандидатот ќе допринесе за успешна реализација на проектот "Скопје ЕПК 2028"
- сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон;
- доказ за познавање на англиски јазик.

(2) Доказите од став (1) на овој член кандидатите ги доставуваат во хартиена форма, во оригинал или копија заверена на нотар.
(3) Образецот за пријавување на јавниот повик (Пријава) за избор на стручни лица е составен дел на овој Правилник.

**4. Постапка за избор**

**Член 9**

(1) Претседателот на Комисијата по завршувањето на јавниот повик, свикува состанок на кој Комисијата ги разгледува пристигнатите пријави во однос на тоа дали се навремени, уредни и дали ја содржат потребната документација.

(2) Во постапката за разгледување на пријавите Комисијата ги зема во предвид само навреме поднесените пријави.

(3) Како навреме поднесена пријава ќе се смета пријавата предадена во рокот определен во јавниот повик.

(4) Ненавремено поднесени пријави како и пријавите кои не се уредни и не ги содржат потребните прилози предвидени со јавниот повик не се земаат во предвид и му се враќаат на подносителот.

**Член 10**

При отворањето на пријавите Комисијата утврдува:
– место, ден и час на отворањето на пријавите
– редот на отворање на пријавите со внесување на податоци за секоја пријава
– резултатот од прегледот на пријавите и назначување на пријавите што не ги исполнуваат условите за учество во повикот, со објаснување на причините за тоа
- исполнетост на условите од правилникот и јавниот повик.

**Член 11**

(1) Комисијата со кандидатите кои ги исполнуваат условите од јавниот повик спроведува интервју во кое усно, преку ситуациони прашања се проверуваат општите компетенции на кандидатите (компетентност за испорачување на резултати, умешност за комуникација) и преку стручни прашања или ситуации се проверуваат посебните компетенции на кандидатите, а се поставуваат и други прашања со кои се проверува интересот и мотивацијата на кандидатот за учество за работа во телото.
(2) Интервјуто ќе се спроведе најдоцна 5 работни дена по истекот на рокот за пријавување на јавниот повик.

**Член 12**

(1) По спроведеното интервју Комисијата изготвува Извештај, со предлог за избор на стручни лица за членови на телото.
(2) Извештајот со предлогот го потпишуваат претседателот и членовите на Комисијата.
(3) Извештајот со предлогот претседателот на Комисијата ги доставува до Градоначалникот.

**Член 13**

Врз основа на доставениот Извештај и предлог од член 12 на овој Правилник, Градоначалникот носи решение за избор.
Избраните кандидати ќе склучат договор со Град Скопје со кој ќе се регулираат правата и обврските.

**Член 14**

Градоначлникот на Град Скопје ќе го поништи јавниот повик доколку:
- не е пристигната ниту една пријава;
- пристигнати пријави не ги исполнуваат критериумите и
- Градоначалникот не донесе решение за избор во рок од 15 дена од денот на доставување на Предлогот од Комисијата.

**Член 15**

Овој Правилник влегува на сила со денот на донесувањето.

Број 08 - 12774/2
22-11-2024.2024 година
Скопје

Градоначалник на Град Скопје
Данела Арсовска